Република Македонија
Општина Новаци
Бр. 03-60/112
10.12.2015 год
Новаци

***Општина Новаци*** ***Општина Алмопија***

***"Историјата и природата заедно"***

**ОГЛАС ЗА АНГАЖМАН НА НАДВОРЕШЕН ЕКСПЕРТ ЗА ИСПОРАКА НА ОБУКА ЗА ТУРИСТИЧКИ РАБОТНИЦИ**

Во период од 20 мај 2015 до 19 август 2016 година, Општина Новаци го имплементира проектот „Жива историја – жива природа 2", грант број IPA 2010/DN 023657/CN 357019 и бр. 03-60/3, финансиран од програмата на Инструментот за предпристапна помош, Програма за прекугранична соработка помеѓу Р. Македонија и Грција 2007-2013.

Општина Новаци за потребите на проектот „Жива историја – жива природа 2", грант број IPA 2010/DN 023657/CN 357019 и бр. 03-60/3, објавува оглас за ангажман на двајца надворешни експерти за испорака на обука за туристички работници на тема **Нови маркетинг методологии** за природните и историските патеки, во рамките на активноста 5.3. *Тренинг семинар за туристички водичи и агенции за нови маркетинг методологии* од овој проект.

ПРЕДМЕТ: Оглас за ангажман на двајца надворешни експерти за испорака на обука за туристички работници на тема **Нови маркетинг методологии** за природните и историските патеки, во рамките на овој проект.

Кандидатите кои ќе аплицираат за горе наведената позиција, треба да ги исполнуваат следните критериуми:

- Одлично познавање на маркетинг технологии за туристичко работење

- Да имаат минимум 5 години работно искуство во туристичката дејност

- Познавање на работа со компјутери и англиски јазик

- Искуство како обучувачи во областа

- Прецизност, точност и аналитичен пристап во тек на целиот процес на извршување на работата (спроведување на обуката, известување и препораки за промоција на проектот)

Избраните лица ќе бидат ангажирани по 10 дена, за испорака на 2 дводневни работилници, додека бројот на денови за ангажман ќе биде утврден согласно временската рамка за реализација на проектните активности. За датумите на

одржување на обуките, експертите дополнително ќе бидат известени, после нивниот избор.

Вкупниот износ за избраните лица согласно одобрениот буџет на проектот е 271.436,00 МКД.

Ве молиме, за горе наведениот ангажман да доставете мотивационо писмо и CV (кратка биографија) на македонски јазик, да доставите најдоцна до 15.12.2015 година, на e-mail: marija.antulevska@gmail.com или на поштенска адреса: Општина Новаци, 7211, с. Новаци.

За подетални информации упатството за пријавување и описот на работните задачи можете да ги најдете на веб страната www.opstinanovaci.gov.mk и www.novaci.mk или на е-маил marija.antulevska@gmail.com

Пријавите ќе бидат разгледани од страна на Комисија за јавни набавки, назначена за потребите на проектот.

Во рок од 3 дена сите кандидати ќе бидат соодветно известени за изборот и дополнително ќе бидат договорени детали околу можниот ангажман.

Датум / Место

10.12.2015, Оштина Новаци

Марија Антулевска

Проектен менаџер на Lhi Lna II

Living History, Living Nature - Lhi Lna II
Жива Историја, Жива Природа II
IPA/2010/DN 023657/
CN 357019